**ОПШТИНА КОНЧЕ**

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (Сл. Весник на РМ бр.111/08,бр.64/2009, бр.88/2010, бр.114/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.80/12, бр.163/13, бр.44/15, бр.147/15 и 31/2016), чл.62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и чл. 11 ст.1 т.15 од Статутот на општина Конче,
Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 13.12.2022 година донесе:

# П Р О Г Р А М А
## За одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Конче за 2023 г.

Во планирањето и димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата за одржувањетона јавната чистота на јавните површини и патишта ,како клучни фактори се земени:
- Одредувањето на нивото и динамиката на одржување на комуналната јавна чистота на јавните површини (категоризацијата);
- Димензиите,типот и формата на јавните површини (големина);
- Начинот на одржување на јавната чистота;
- Пресметка на нормите за работа врз кои се врши димензионирањето на работата,работната рака и механизацијата.

**Потекло и вид на сметот на јавно собраќајните површини**

Според начинот на живење и работење на луѓето одржувањето на јавната чистота е условено од следниве фактори:
- Густина на населеност;
- Градскиот собракај;
- Станбениот простор;
- Културните навики на населението;
- Стандардот на граѓаните;
- Самодисциплината на граѓаните;
- Придружување на позитивните прописи;

Од овие фактори е условен и степенот на зграденост на Јавните Прометни Површини, начинот и динамиката на одржување на истите.

1. **Секојдневен смет**:

А) Обичен уличен смет
- кутии од цигари и кибрити, отпадоци од цигари;
- искористени билети, хартија од разни пакувања;
- останати отпадоци од сличен карактер;

Б) Отпадоци од возила кој настануваат при:
- при превоз на разновиден материјал(градежен материјал,овошје зеленчук и технолошки материјал)
- при товарње и растоварање на разни стоки;
- при собирање на домашен смет;
- при косење на тревни површини.

В) Загадување од атмосвերата
- загадување од чад, прав;
- индустриски оџаци;
- гасови од моторни возила;

Г) При интензивно врнење на дождови
-наноси од земја,песок,лисја и друго

2. **Сезонски смет**

Се појавува сезонски и обично го има два вида:
- лисја од дрвјата,земјоделски отпад, суви гранки и слично

- песок ,згура и ситен камен кој во зимскиот период служи за посипување на ЈПП површини заради намалување на лизгавоста која по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се острани.

**Категоризација на ЈПП за утврдување на редоследот на чистење по денови во месецот**

За изработка на организационен план за чистење на ЈПП еден од важните фактори е категоризацијата на ЈПП. Категоризацијата на ЈПП зависи од: населеноста на самото место, распоредот на работните и стамбените објекти, интензитетот на сообраќајот.

**1.Категорија**
Населено место Конче и нас. место Дедино каде улиците се со густа фрекфенција на движење ќе се чистат два пати во неделата вклучувајки ги и празниците. Работите ќе се изведуваат ноќе.

**2.Категорија**
Густо населени улици во населените места Ракитец, Д.Липовик, Лубница и Габревци, со густа фрекфренција за движење. Работите ќе се изведуваат еден работен ден во неделата.

Работите од овие две категории ќе се изведуваат дење со исклучок во зимски периоди при поголеми врнежи на снег и појава на нокни мразеви.
Во зимскиот период кога врнежите од снег се поголеми од 15 см. Во колку Кординативното тело за елементарни непогоди нема издадено посебна наредба , работниците кој ја одржуваат чистотата на јавните прометни површини ќе работат во населените места на општината и ќе ги извршуваат следниве работи:
- Отварање на пешачки премини;
- Отварање на пешачки патеки по улиците;
- Целосно чистење на мостовите;
- Чистење и празнење на уличните корпи;

**3. Категорија**
Густо населени улици во населените места со послаб градски промет и луѓе, односно споредните улици во населеното место Конче и нас. место Дедино. Работите ќе се изведуваат два дена во месецот.

**4. Категорија**
Улица од кои се собираат отпадоци со рачни колички после чистењето на истите. Тоа се споредните улици во нас. места Ракитец, Д.Липовик, Лубница и Габревци.Работите ке се изведуваат еден работен ден во месецот.
Миењето на ЈПП се врши со трактор и приклучна цистерна.Работата се извршува еднаш месечно 7 пати во годината по завршувањето на зимските месеци.

**5. Категорија**
Во ова категорија спаѓа: изнесувањето на песок, камен, кал, лисја по поројни дождови.

**Во програмата за одржување на ЈПП за 2023 г. се предвидени и следниве активности:**
- Расчистување на диви депонии;
- Расчистување гробишта во сите населени места;
- Вршење повремени работи;
- Подигање на згазени и умрени животни од јавни површини;
- Расчистување на речни корита и мостови во населените места од песок ,земја,трева, дрва и друг вид на материјал.
- Вршење на дополнителни и вонредни активности;

**5.1.Расчисување на диви депонии**
Покрај наведените работни операции, во функција на јавната чистота, во општината се превземаат и други активности како што се чистење на диви депонии и сл. Физичкиот обем на работите и локалитетите се одределуваат месечно, според согледувањата на терен, од страна на Одделението за урбанизам и комунални работи и заштита на животната средина. Исчистените диви депонии се потврдуваат со месечен преглед доставен од страна на Јавното претпријатие, а се одобруваат од Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

**5.2 Расчистување гробишта во сите населени места**
Во функција на јавната чистота со оваа прогрдама се предлага и повремено расчистување на гробиштата во сите населени места. Ова комунална активност се предлга на основа на

досегашната нерешената и лоша состојба во однос на одржување на чистота на гробиштата кои како црковни објекти и надлежност на општините не беа опфатени во програмата за јавна чиста.

**5.3 Подигање на згазени и умрени животни од јавни површини** е речиси секојдневна потреба,. Бројот и видот на умрени животни и местата на подигање се утврдуваат со месечен преглед изготвен од извршителот, потврден од надлежниот Сектор, согласно процедурата за подигнување на згазени и умрени животни.

**5.4 Расчистување на речни корита и мостови во населените места од песок ,земја,трева, дрва и друг вид.**

Овие активности ке се вршат само во населените места каде што има уредени и неуредени речни корита.Активностите ке се вршат според потребите со скип машина трактор со приколица,моторни пили и друг вид на опрема.Речните корита ке се чистат еднаш годишно и по потреба доколку има елементарна непогода или решение од  инспекциските служби на општината.

**5.5 Вршење повремени работи;**

Како повремени работи се јавуваат пречистување на ЈПП по барање на органите на Локалната самоуправа за време на државните празници, по барање на инспекциските служби и др. Овие работи се извршуваат надвор од планираната програма.

Во рамките на одржувањето на јавната чистота, ќе се врши и празнење на корпи за отпадоци, поставени на јавни површини, и тоа до три пати неделно, во зависност од лоцирањето односно од обемот на полнењето на истите.

**5.6 Вршење на дополнителни и вонредни активности**

Во текот на годината надлежното Одделение може да издаде налог за преземање други дополнителни и вонредни активности, во зависност од укажани потреби и околности.

Вонредните, зголемени активности за чистење на јавните површини, поради организирани собири и манифестации, се изведуваат по налог на Одделението за урбанизам , комунални работи и заштита на животна средина и се финансираат од страна на организаторот, согласно Ценовникот за вршење на дополнителни услуги.

**1-ва  Категорија**

**Метење на јавни и собраќајни површини и улици, два дена во неделата 22-05ч.0:**

| Ред.бр | Име на површината | m2 |
|---|---|---|
| 1. | централните улици во населено место Конче | 2500 |
| 2. | Централните улици во населено место Дедино | 2000 |

**2-ра Категорија**

**Метење на јавни-сообраќајни површини и улици еден ден во неделата од 07-14ч:**

| | Име на површината | м2 |
|---|---|---|
| 1. | централните улици во населено место Ракитец | 2000 |
| 2. | централните улици во населено место Д.Липовик | 2000 |
| 3. | централните улици во населено место Лубница | 1000 |
| 4. | централните улици во населено место Габревци | 1000 |

**3-та Категорија**

**Метење на јавни-сообраќајни површини и улици два дена во месецот од 07-15ч**

| Ред.бр | Назив на површината | м2 |
|---|---|---|
| 1. | Споредни улици во населено место Конче | 2000 |
| 2. | Споредни улици во населено место Дедино | 1000 |

**4-та Категорија**

**Улица од кои се собираат отпадоци со рачни колички еден ден во Месецот 08-15ч.**

| Ред.бр | Назив на површината | м2 |
|---|---|---|
| 1. | Останати улици во населено место Ракитец | 1000 |
| 2. | Останати улици во населено место Д.Липовиќ | 1000 |
| 3. | Останати улици во населено место Лубница | 500 |
| 4. | Останати улици во населено место Габревци | 500 |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на годишен физички обем за одржување на јавната чистота на јавно променетите површини во 2022 г.**

| **Р.бр** | **Категорија** | **Опис на работа** | **Површина М2** | **Денови** | **Годишна површина** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Категорија 1 | метење два дена во неделата | 4500 | 102 | 459 000 |
| **2.** | Категорија 2 | метење еден ден во неделата | 6000 | 51 | 306 000 |
| **3.** | Категорија 3 | метење два дена во месецот | 3000 | 24 | 72 000 |
| **4.** | Категорија 4 | Улица кои се собираат отпадоци со рачни колици еден ден во месецот | 3000 | 12 | 36 000 |
| **5.** | Категорија 5 | Миење со трактор и цистерна еднаш месечно, 12 пати во годината | | 12 | |

**П Р Е С М Е Т К А**
**За потребните финансиски срества за спроведување на предложената програма за издржување на чистотата на Јавно Прометните Површини за 2023 г.**

| Р.бр | Позиција на работа | е.м | ед.цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1. | Метење два дена во неделата | М2 | 3 |
| 2. | Метење еден ден во неделата | М2 | 2 |
| 3. | Метење два дена во месецот | М2 | 2 |
| 4. | Улици од кои се собират отпадоци со рачни колички еден ден во месецот | м | 2 |
| 5. | Миење на улиците со трактор со цистерна еднаш месечно 12 пати во годината. | Тура | 1200 |
| 6. | Изнесување на земја,камен и кал од поројни дождови трактор со приколица | Тура | 1000 |
| 7. | Работа со скип машина ИЦБ | час | 3000 |

П Р Е Г Л Е Д
на непосредни извршители на програмата

| Ред.бр | РАБОТНО МЕСТО | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1 | Чистачи на Јавно Променети Површини | 5 |
| | Вкупно | 5 |

За реализирање на програмата предвидени се следните извори на средства:

| | |
|---|---|
| 1.Надоместок за јавна чистота од домаќинствата | 20,00 |
| 2. Буџет на Општина Конче за одржување на ЈПП | 500 000,00 |

**Извршител на Програмата**

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма е ЈПКД “Лакавица” Конче.

ЈПКД “Лакавица” Конче изготвува годишна програма за работа во која се содржани вкупните површини, бројот и категоријата на улиците поименично, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

**Финансирање на програмата з јавна чистота**

За функционирање на програмата за јавна чистота ќе се обезбедат средства на два начина:
- Надоместок за јавна чистота во висина до 20 денари од домаќинствата и
- Од Буџетот на општина Конче за 2023 година, Програмата за одржување во висина до **500.000** денари.

**1.Вршење повремени работи;**
Како повремени работи се јавуваат пречистување на ЈПП по барање на органите на Локалната самоуправа за време на државните празници, по барање на инспекциските служби и др.

**2.Вршење на дополнителни и вонредни активности**
Во текот на годината надлежното Одделение може да издаде налог за преземање други дополнителни и вонредни активности, во зависност од укажани потреби и околности.

Повлекувањето на средствата од буџетот на Општина Конче ќе се врши врз основа на склучен договор со Општина Конче со ЈПКД "Лакавица"Конче.
Повлекувањето на средства од Буџетот на општина Конче -програма за јавна чистота за повремени и дополнителни активности ќе се врши со постапка на издавање на налог за вршење работи на чистотата на Јавно Прометните Површини од ЈПКД Лакавица Конче во населени места во општина Конче и писмено одобрување за издадениот налог за количините на извршени работи потпишани од одговното лице за комунлни дејности при општината.

**Надзор над извршување на Програмата**
Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за урбанизам комунални работи и заштита на животната средина.
Инспекциски надзор, над извршувањето на Програмата врши комуналниот инспектор на Општина Конче.
Предвидените приходи од домакинствата и претпријатијата за реализирање на програмата се земени како да се наплатени во целост.

**Влегување во сила на Програмата за јавна чистота на ЈПП на општина Конче.**

Програмата за јавна чистота на ЈПП на општина Конче за 2023 година влегува во сила 8 (осум) дена од денот на објавување во „Службен гласник на општина Конче" .

Број 08-1770/5
Дата 13.12.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова,